Уп. бр. 08-5

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Ингредион Германија ГмбХ, со седиште на Грунер Деицх 110, 20097 Хамбург, Германија преку полномошник Иво Илиевски адвокат од адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска и АГРАНА Штарке ГмбХ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија, преку полномошник Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.02.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Ингредион Германија ГмбХ, со седиште на Грунер Деицх 110, 20097 Хамбург, Германија и АГРАНА Штарке ГмбХ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија имаат намера да стекнат заедничка контрола над АГФД Тандареи СРЛ, со седиште на 925200 Тандареи, 2 Теилор Аллеј, округ Иаломита, Романија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.12.2024 година, а дополнето на 23.01.2025 година и на 31.01.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Ингредион Германија ГмбХ, со седиште на Грунер Деицх 110, 20097 Хамбург, Германија и АГРАНА Штарке ГмбХ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија со која Ингредион Германија ГмбХ и АГРАНА Штарке

ГмбХ ќе стекнат заедничка контрола над АГФД Тандареи СРЛ, со седиште на 925200 Тандареи, 2 Теилор Аллеј, округ Иаломита, Романија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Ингредион Германија ГмбХ е во целосна и единствена контрола на Ингредион Инц. (*Ingredion Inc.*), САД (заедно со неговите контролирани зависни друштва "Групација Ингредион") и е активно на пазарот на развој и производство на различни специјални скробови кои се користат како функционални состојки во производството на широк спектар на прехранбени производи.

Ниту Ингредион Германија ГмбХ, ниту некој од субјектите во Групацијата Ингредион имаат корпоративно присуство во Северна Македонија.

Групацијата Ингредион е присутен во Северна Македонија на пазарот за модифицирани производи од скроб.

АГРАНА Штарке ГмбХ е во целосна и единствена контрола на АГРАНА Бетеилигунгс-АГ (*AGRANA Beteiligungs-AG*), Австрија (заедно со неговите контролирани зависни друштва „Групација АГРАНА“) и обезбедува производи од скроб за голем број индустрии.

Групацијата АГРАНА има едно индиректно зависно друштво во Северна Македонија, друштвото АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6176640, со седиште на Качанички Пат бр. 168-Инд.зона/Визбегово, Визбегово, Бутел кое е дел од одделот за шеќер на Групацијата Аграна.

Групацијата АГРАНА Штарке ГмбХ исто така е присутна во Северна Македонија на пазарот за производи  од природен немодифициран скроб и на пазарот на производи без скроб.

АГРАНА Бетеилигунгс-АГ е заеднички контролирано од Судзуцкер АГ (*Südzucker AG*), компанија со седиште во Германија (заедно со нејзините контролирани зависни друштва, „Групација Судзуцкер “) и Раиффеисен-Холдинг Ниедеростерреицх-Виен (*Raiffeisen-Holding Niederösterreich-Wien*), компанија со седиште во Австрија (заедно со нејзините контролирани зависни друштва, „Групација Раиффеисен“).

Групацијата Судзуцкер нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

Од друга страна, компанија која е контролирана од Групацијата Раиффеисен - Страбаг СЕ (*Strabag SE*) со седиште во Виена, Австрија и која е активна во градежната индустрија („Страбаг СЕ“) - има корпоративно присуство во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- СТРАБАГ ДОО ПОЛСКА – Подружница СТРАБАГ Скопје, со ЕМБС 7599331, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар, со регистрирана дејност 42.12 – Изградба на железници и подземни железници;

- СТРАБАГ ДОО БЕЛГРАД – Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Макеоднија, со ЕМБС 7588496, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар со регистрирана дејснот 42.11 – изградба на патишта иа автопати;
- ЦМЛ Цонструцтион Сервицес доо Белград – Нови Белград – Подружница Скопје, со ЕМБС – Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Македонија, со ЕМБС 7665563, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар со регистрирана дејност 70.22 – Дејности на советување во врска со работењето и оснатато управување;
- СТРАБАГ АГ – Подружница СТРАБАГ Скопје, со ЕМБС 6245803, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар, со регистрирана дејност 42.11 – изградба на патишта и автопати;
- Друштво за услуги СТРАБАГ ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7584962, со седиште на ул.Мирче Ацев бр.2, Скопје – Центар со регистрирана дејност 42.11 – изградба на патишта и автопати;

АГФД Тандареи СРЛ е дел од Групацијата АГРАНА. АГФД Тандареи СРЛ произведува природен скроб од обична и пченка со висока амилоза и мали количини на средно индустриски скроб, како и производи без скроб.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**